**СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЛЕТЕН ПЕТТИПАТ, ШЕСТИПАТ, … СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2016/2017 (СТАРИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ)**

Запишувањето ќе се врши во периодот од:

# 25.01.2017 година до 10.02.2017 година во периодот од 11,00-15,00 часот

(преку шалтерите на студентската служба)

На шалтер нема да бидат примани некомплетни документи.

**Потребни документи за запишување на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3**) со 50 ден. административна такса. (се запишуваат неположените предмети од летен семестар).
(ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ ВИДИ СООПШТЕНИЕ)

**3. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **6 150** ден., со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за студирање“
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **12 300** ден., со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за кофинансирање на студиите“

Студентите кои заклучно со јануарската испитна сесија не ги положиле испитите од летниот семестар од претходната учебна година, должни се истите да ги презапишат и да извршат дополнителна уплата:

1. Во висина од 20 eur (во денарска противвредност) за секој првпат презапишан предмет.

2. Во висина од 50 eur (во денарска противвредност) за секој вторпат, третпат и повеќе пати презапишан предмет .

Уплатата за презапишани предмети се врши на образец пп 50 ., со цел на дознака - за презапишани предмети (плаќањето за повеќе презапишани предмети може да се изврши на една уплатница) на следниот начин:

Назив на примачот: Буџет на РМ, Машински факултет - Скопје
Банка на примачот: НБРМ
Сметка: 100 0000000630 95
Износ:
сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11
приходна шифра: 723012 41 начин: 2

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените неположени предмети и бројот на (ектс) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат летниот семестар во учебната 2016 /2017 год.).

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. Донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје, 24.01.2017 година

Машински факултет - Скопје